# Билтен Stronger Together




## Меѓународна Онлајн Конференција 28 Јануари 2021: Регистрирајте се!

Дали сте експерт во едукативниот сектор? Дали сте заинтересирани за образование за демократско граѓанство? Еразмус + проектот Stronger Together разви едукативна игра и наставна програма кои се наменети за деца од 10-12 години, и тоа на 5 теми: моралност, самоконтрола, социјално вклучување и диверзитет, критичко мислење, и превенција и решавање на конфликти, а овие едукативни алатки се достапни за сите. Затоа, придружете се на конференцијата за да дознаете повеќе!
**Пријавете се на:** strongertogether@etterbeek.be

## Издадено и достапно: Наставна програма и дигитална друштвена игра Stronger Together

Дигиталната игра Stronger Together е достапна на App Store за iOS, и на Google Play за Android уреди. Дали знаевте дека можете да ја симнете бесплатно? Ќе можете да ја играте дома со вашите деца! Дигиталната игра има своја целна група, а тоа се ученици од 10-12 години, нивните наставници и родители, со генерална цел на креирање #дијалог за темите моралност, самоконтрола, социјално вклучување и диверзитет, критичко мислење, и како да се спречат и решат конфликти со цел да станеме Заедно Посилни, односно, Stronger Together!






## Наскоро: Локални Онлајн Настани

Дали си наставник или експерт во работа со наставна програма? Дали си заинтересиран за придружување на нашите локални онлајн настани на Македонски јазик? Ве молиме контактирајте не за да ви овозможиме повеќе детали околу тоа како и каде можете да учествувате. Локалните мултипликаторни настани ќе се одржат во Јануари или Февруари 2021.



## Изреки од учесници на Stronger Together

„Проектот ги ангажира учениците, наставниците, и родителите во наставната програма, па тие преку своето учество можат да искусат како е да бидат заедно посилни.“

“Ние, како и многу други земји, имавме потреба за нешто вакво за да активираме деликатни теми со многу видови етничка припадност кај децата. Понекогаш, на наставниците им треба помош за подучување на најдобрите вредности на децата. Ова ги тера да размислуваат подлабоко на темите (наставник Зоран Давитков)

## Тука симнете ја дигиталната друштвена игра Stronger Together!

Симнете ја на App Store: https://apps.apple.com/us/app/stronger-together/id1488568048

Или пак симнете ја на Google Play:
https://play.google.com/store/apps/details?id=com.VIFIN.StrongerTogether

## За Stronger Together

Од проектот Stronger Together се разви наставна програма која е составена од 5 тренинг модули кои се комбинирани со дигитална игра, притоа помагајќи за одржување дијалог на теми како моралност, самоконтрола, социјално вклучување и диверзитет, критичко мислење, и превенција и решавање на конфликти. Проектот е спонзориран од Програмата за Образование, Млади и Спорт на Европска Унија, Еразмус+, и ги сплотува заедно експертизите од 6 партнерски организации низ Европа. Посетете ја нашата веб-страница и фејсбук страница за најновите развојни фази, и симнете ги материјалите за обучување како и дигиталната игра бесплатно:

https://strongertogetherproject.eu/
https://www.facebook.com/strongertogether2020/

Поддршката на Европската Комисија за креирање на оваа публикација не претставува одобрување на содржините кои се одраз на гледиштата само на авторите на истите, и Комисијата не е одговорна за било каква употреба која произлегува од информациите кои може да се најдат во публикацијата.

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union